**ТРАН КАБЕЛ**

**УЛ.Јоаким Осоговки бб**
**1330 Крива Паланка**
Телефон/Факс **031 /371371**
**техника 075 414 296**
E-mail:trankabel@yahoo.com

**АЕК ТЕЛ БРОЈ 19**
**ПРИЈАВИ НЕПРАВИЛНОСТИ-**

**ТРАНШПЕД ТРЕЈД ДООЕЛ** СКОПЈЕ **ПОДРУЖНИЦА** кабловски оператор
**ТРАН КАБЕЛ** УЛ.ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ бб КРИВА ПАЛАНКА
Склучува

## ДОГОВОР

за користење на приклучок за прием на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа

Склучен на ден ______________ 2015 година помеѓу:

1. **ТРАНШПЕД ТРЕЈД ДООЕЛ СКОПЈЕ подружница кабловски оператор ТРАН КАБЕЛ УЛ.Јоаким Осоговски ББ Крива Паланка,** даночен број 4030006580204 ,жиро сметка 320 000 000 120 286 ,депонент на Централна Кооперативна Банка АД Скопје застапуван од Никола Младеновски од една страна (во натамошниот текст КО)

2. Име и презиме ______________________________________________

   Адреса ______________________________________________

   ЕМБГ: ___________________________ Број на лична карта ____________

   Телефон: ____________________ Број на приклучоци ТВ_________

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот е уредување на правата и обврските на договорените страни кои произлегуваат од склучување на договорот.

### ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Цел на договорот е монтирање и користење на приклучокот за прием на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа во просториите на претплатникот (на наведената

адреса) за следење на дистрибутивните радиотелевизиски канали за што претплатникот плаќа надомест определен со овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

Член 3

На основ на поднесеното барање за склучување на претплатнички договор од страна на барателот, КО е должен да изврши анализа за технички можности за да обезбеди услуга со квалитет кој е дефиниран во понудата и во рок од 72 часа да го извести барателот за постоење или не постоење на техничка можност за приклучување на барателот кон мрежата на КО.

Откако ќе се утврди дека има техничка можност за приклучување се склучува договор помеѓу КО и барателот со што договорот се смета за заснован од денот на неговото потпишување од двете страни.

Правата и обврските на договорните страни што произлегуваат од договорот важат од денот на склучување на договорот,а обврската за плаќање важи од денот на активирање на услугите кои се предмет на овој договор.

КО се обврзува дека ќе изврши приклучување на барателот кон мрежата на КО во рок од 48 часа од склучување на договорот.

Член 4

КО се обврзува да изврши приклучување на преплатникот кон кабелската мрежа со што на преплатникот ќе му се овозможи (односно нема да му се попречи) квалитетен прием на минимално ___ **различни РТВ** програми кои се пренесуваат преку истата непрекинато дваесет и четири (24) часа дневно, односно на преплатниците во подрачјето да им се обезбедат (да не им се попречат) техничките можности за прием на сите домашни радио и телевизиски програми кои се емитуваат на тоа подрачје од легални емитувачи.

Член 5

Во случај на раскинување на овој договор од страна на преплатникот,средствата дадени за приклучок не се враќаат. Опремата која е во сопственост на КО преплатникот е должен да ја врати во исправна состојба во рок од 5(пет)дена, по раскинување на договорот, во спротивно ке се задолжи во висина од нејзината вредност од 4000,00 денари со пресметан ддв, исто така доколку се утврди дека опремата е во неисправна состојба истата ке се наплати по важечкиот ценовник на датум кога се враќа опремата .

Член 6

За да може преплатникот квалитетно да ги гледа сите понудени ТВ програми од кабелската мрежа, потребно е да поседува ТВ приемник со можност за прием на таканаречените S и Hiperband канали и обезбедена (заземјена) електрична мрежа.

Член 7

Преплатникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап (на лица овластени од КО кои претходно ќе се легитимираат) во своите простории / станот во кои ќе се изврши

монтажа, преглед или мерење на кабелската мрежа и да не го попречува спроведувањето на кабелот од КО од својот до соседните објекти.

Член 8

Преплатникот се обврзува дека нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и дека нема да врши било какви дејствија врз опремата на кабелската мрежа дури и ако биде исклучен од неа, како и да известува за евентуално оштетување на мрежата. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.

Член 9

Преплатникот се обврзува дека приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на кабелската мрежа. Во случај тоа да го стори ќе биде трајно исклучен од кабелската мрежа проследено со раскинување на договорот.

Член 10

На Претплатникот треба да му се обезбеди техничка можност за забрана на пристап до одредени канали или да му се обезбеди код за нивно активирање, на негово барање. Да му биде наведен програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси.

Член 11

КО се обврзува дека по извршување на работите околу приклучокот, ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата, КО е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 4 часа од неговото настанување, односно во рок од 12 часа, доколку дефектот настане во време од 20:00 – 06:00 часот наредниот ден.

Член 12

Операторот се обврзува да не го продолжува претплатничкиот договор со задолжително времетраење по автоматизам по истекот на иницијално договорениот временски период.

Член13

Операторот треба да овозможи депонирање на паричен износ како аванс на жиро сметка од која ќе се црпат средства за помирување на обврските за плаќање на месечната сметка.

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 14

Преплатникот се обврзува по извршеното приклучување на кабелската мрежа на КО да му исплати паричен надомест за:

- **еднократен надомест за приклучок од 0 (нула) денари;**
- **месечен надомест (претплата) од 350 денари;**
- **приклучување на дополнителен ТВ приемник (еднократно) во истиот стан 0 денари .**

- **КО се обврзува да му испорачува постојан квалитетен сервис на претплатникот и тоа со минимални број од 55 различни радио телевизиски канали наведени во листата која е во прилог на овој договор(член 4) а одобрени согласно потврдите издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Претплатникот се обврзува дека месечниот надомест ќе го плаќа редовно во просториите КО или во банка на жиро сметка на КО од **1-ви до 15-ти** за тековниот месец на име месечна такса по доставена сметка (ф-ра) **до 5-ти** во тековниот месец.

Недобивањето на сметка или ф-ра преплатникот не го ослободува од обврската да го плати долгуваниот износ на време. Во случај на недобиоање сметка преппатникот е должен да побара сметка во просториите на КО ТРАН-КАБЕЛ Крива Паланка.

КО го задржува правото за промена на висината на месечниот надомест во зависност од пазарните услови, при тоа треба писмено да го извести преплатникот за сите предложени измени во условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.

Член 15

Доколку преплатникот не го уплати месечниот надоместок во рокот утврден во член 14 од овој Договор, КО е должен да го предупреди преплатникот по писмен пат , при што ќе му определи рок, кој рок нема да биде подолг од 15 дена, во кој е должен да го уплати долгот. Доколку преплатникот и во тој рок не го подмири долгот кон КО, ќе биде исклучен. За повторно вклучување кон кабелската мрежа освен заостанатиот долг, преплатникот треба да ги сноси трошоците кои се направени за неговото исклучување и повторно приклучување во еднократен износ од 1300,00 денари.

Член 16

Преплатникот не смее да приклучи друг корисник и ТВ приемник на својот приклучок, ниту својот приклучок да го продаде, односно да го отстапи на трето лице. Доколку дојде до промена на сопственост на станот претплатникот е должен веднаш да го извести КО за настанатата промена.

Во таков случај:

- претплатникот е должен да ги подмири своите обврски кон КО;
- доколку новиот сопственик на станот сака да ги користи услугите на КО ќе склучува нов Договор, а овој престанува да важи.
-

Член 17

Преплатникот може со писмено барање да побара преселување на претплатничкава линија.

Доколку е технички можно КО ќе изврши преселување во рок од 96 часа од поднесувањето на барањето за преселба од страна на преплатникот

Доколку се утврди дека нема техничка можност ко ќе го извести преплатникот во рок од 48 часа за не постоење на техничка можност за преселување и ќе му овозможи претплатичкиот договор да го раскине без никакви дополнителни трошоци или казнени поени но само ако преплатникот ги нма подмирено сите сметки кон КО до денот кога е поднесено барањето за преселба.

КО го задржува правото да го одбие барањето за преселување доколку претплатникот има неподмирен долг кон него.

Трошоците настанати за преселување во износ од 300 денари се на сметка на преплатникот.

Член 18

КО ќе ги врати паричните средства на претплатниците во следните случаи:

- во случај на привремен прекин на претплатничка линија од сообраќај поради пречки на линијата, КО ќе изврши враќање на парични средства во делот на претплата и надоместоци за дополнителни услуги (доколку претплатникот ги има намирено своите долгови) за износ пропорционален на деновите кога линијата не била во функција, доколку прекинот трае подолго од 3 часа. Износот ќе биде одбиен од наредната сметка на сите претплатници кај кои постоел прекин, без тоа да биде побарано од страна на преплатниците.
- во други случаи на основан приговор од страна на преплатникот за утврдена неточна обработка на податоци што довеле до зголемување на износот за користени услуги, доколку ги има намирено своите долгови, во висина на погрешно задолжување со вкалкулирана затезна камата.
- Во случај на престанок на обезбедување на услугата не по вина на преплатникот или во случај кога преплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, КО ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечна претплата, надоместок за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот.

Член 19

КО не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила. При невреме (грмотевици и сл.) се препорачува антенскиот приклучок да биде изваден од ТВ приемникот.

Член 20

Договорот се склучува на временски период од **24 месеци.** КО може да го извести преплатникот најмалку 30 дена пред истекот на задолжителното траење на договорната обврска за новонастанатите услови и за задржување на корисничкото право за раскинување на договорот, за потпишување на нов договор или продолжување на истиот на временски период според условите кои се настанати.

Член 21

**Раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник**

Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено писмено барање до Операторот за раскинување на претплатнички договор.

Барањето од ставот (1) на овој член се доставува до операторот во пишана форма на еден од начините утврден во членот 11 на овој правилник.

Барањето од ставот (1) на овој член треба да ги содржи најмалку следниве податоци:

- име или назив на претплатникот;
- матичен број за физички лица и даночен и регистарски број за правни лица;
- адреса на претплатникот;
- електронска комуникациска услуга (тарифен модел/ пакет/ претплатнички број и др.

и

- датумот на раскинување на претплатничкиот договор, кој не може да биде пократок од 5 дена од денот на поднесување на барањето.

Договорот се смета за раскинат од денот наведен во писменото барање.

Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник.

Доколку претплатничкиот договор се склучува со задолжително времетраење претплатникот може да го раскине истиот без да му бидат наплатени казнени пенали за предвремено раскинување на договорот, само во случај кога операторот не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор. Во овој случај барањето од ставот (1) на овој член покрај податоците од ставот (3) на овој член треба да содржи и причини за предвремено раскинување на претплатничкиот договор.

Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на претплатникот.

При раскинување на претплатничкиот договор, претплатникот треба да ги врати комуникациските средства во сопственост на операторот во исправна состојба, која ја утврдува операторот при преземањето на средствата.

За предвремено раскинување на договор со определено време корисникот освен подмирени сите заостанати сметки, доколку ги има, треба да ги подмири и казнените поени во износ од 4.500 денари доколку договорот го раскинува во првата година од времетраењето на договорот или 2.500 денари доколку договорот го раскинува во текот на втората година од времетраење на договорот.

Корисникот нема да ги плати казнените поени доколку го раскине договорот пред истекот на договорениот период во случај кога КО не ја испорачува услугата со квалитет дефиниран во претплатничкиот договор.

Член 22

**Раскинување на претплатнички договор од страна на оператор**

Операторот може да го раскине претплатничкиот договор, особено:

- Поради повреда на условите наведени во претплатничкиот договор;
- во случај на смрт на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од шест месеци;
- кога со судска одлука претплатникот се брише од соодветниот регистар;
- во случај на стечај или ликвидација, или нелеквидност на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок определен од страна на операторот;
- во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на претплатникот за цел спротивна на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;
- доколку операторот не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од три месеци.

КО може да го раскине договорот поради ненавремено плаќање на обврските на корисникот кон КО.

КО треба да го извести претплатникот по писмен пат во рок кој не може да биде пократок од 30 дена пред воведување на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор, како и правото на претплатникот дека во истиот период, односно во рокот кој не може да биде пократок од 30 дена

од денот на известувањето, без последнци да може да го раскине претплатничкиот договор, доколку не се согласува со предложените измени.

Член 23

**ПРИГОВОРИ ЖАЛБИ И ПОПЛАКИ**

Претплатникот има право на приговор до операторот против одлуките или активностите на операторот и/или давателот на услуги во врска со пристапот до или обезбедување на услуги.

Приговорот до операторот како останатите жалби и поплаки се поднесуваат до нашиот сервис центар на телефон за грижа за корисници **031 371 371 како и по писмен пат на адреса на**

**ТРАН КАБЕЛ, Крива Паланка на ул. Јоаким Осоговски бб, 1330 Крива Паланка** или директно во самиот наплатен центар на истата адреса каде можат да добијат и образец за поднесување на приговорот до операторот.

Приговорот до операторот се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот до операторот.

Во случај на поднесен приговор до операторот во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на КО или други достапни начини за плаќање од страна на КО.

КО по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести претплатникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пример службена белешка за извршена техничка контрола и сл.).

Доколку претплатнкот не е задоволен од поднесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право од **Агенцијата за Електронски Комуникации по писмен пат на адреса кеј Димитар Влахов бр 21, Скопје или на бесплатниот телефонски број 190.**

Доколку КО не постапи по приговорот во рокот утврден во ставот (5) од овој член, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот и/или давателот на услуги.

Член 24

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Во случај на спор по овој Договор ќе решава надлежниот суд во Крива Паланка.

Овој договор е составен во два (2) примерока од кои по еден за секоја од договорените страни. Договорот стапува на сила со денот на потпишувањето.

КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОР:
ТРАН КАБЕЛ Крива Паланка

Корисник:

Прилог 1

Овој прнлог е составен дел иа претплатничкиот договор за користење на приклучок за прием на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа и преставува листа бна РТВ програми.

| Име на каналот | земја иа потекло |
|---|---|
| 1.________________ | ________________ |
| 2.________________ | ________________ |
| 3.________________ | ________________ |
| 4.________________ | ________________ |
| 5.________________ | ________________ |
| 6.________________ | ________________ |
| 7.________________ | ________________ |
| 8.________________ | ________________ |
| 9.________________ | ________________ |
| 10.________________ | ________________ |
| 11.________________ | ________________ |
| 12.________________ | ________________ |
| 13.________________ | ________________ |
| 14.________________ | ________________ |
| 15.________________ | ________________ |
| 16.________________ | ________________ |
| 17.________________ | ________________ |
| 18________________ | ________________ |
| 19.________________ | ________________ |
| 20.________________ | ________________ |
| 21.________________ | ________________ |

22.______________________ ______________________
23.______________________ ______________________
24.______________________ ______________________
25.______________________ ______________________
26.______________________ ______________________
27.______________________ ______________________
28.______________________ ______________________
29.______________________ ______________________
30.______________________ ______________________
31.______________________ ______________________
32.______________________ ______________________
33.______________________ ______________________
34.______________________ ______________________
35.______________________ ______________________
36.______________________ ______________________
37.______________________ ______________________
38.______________________ ______________________
39.______________________ ______________________
40.______________________ ______________________
41.______________________ ______________________
42.______________________ ______________________
43.______________________ ______________________
44.______________________ ______________________
45.______________________ ______________________
46.______________________ ______________________
47.______________________ ______________________

48.______________________ ______________________

49.______________________ ______________________

50.______________________ ______________________

51.______________________ ______________________

52.______________________ ______________________

53.______________________ ______________________

54.______________________ ______________________

55.______________________ ______________________